**20151293770**

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ГАРАНЦИЈА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА НА ОБВРСКИТЕ ПО ДОГОВОРОТ ЗА ЗАЕМ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОЕКТОТ ЗА НАДГРАДБА И РАЗВОЈ НА ПАТИШТА, КОЈ ЌЕ СЕ СКЛУЧИ МЕЃУ МЕЃУНАРОДНАТА БАНКА ЗА ОБНОВА И РАЗВОЈ-СВЕТСКАТА БАНКА И ЈП ЗА ДРЖАВНИ ПАТИШТА

Се прогласува Законот за гаранција на Република Македонија на обврските по Договорот за заем за финансирање на проектот за надградба и развој на патишта, кој ќе се склучи меѓу Меѓународната банка за обнова и развој-Светската банка и ЈП за државни патишта,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 29 јули 2015 година.

Бр. 08-3399/1
29 јули 2015 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
д-р **Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ГАРАНЦИЈА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА НА ОБВРСКИТЕ ПО ДОГОВОРОТ ЗА ЗАЕМ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОЕКТОТ ЗА НАДГРАДБА И РАЗВОЈ НА ПАТИШТА, КОЈ ЌЕ СЕ СКЛУЧИ МЕЃУ МЕЃУНАРОДНАТА БАНКА ЗА ОБНОВА И РАЗВОЈ-СВЕТСКАТА БАНКА И ЈП ЗА ДРЖАВНИ ПАТИШТА

Член 1

Република Македонија го гарантира намирувањето на обврските и исполнувањето на одредбите од Договорот за заем за финансирање на Проектот за надградба и развој на патишта кој ќе се склучи меѓу Меѓународната банка за обнова и развој-Светската банка и ЈП за државни патишта во износ од 83.000.000 ЕВРА, во рокови и услови предвидени во Договорот за заем, доколку ЈП за државни патишта не ги исполнува и сервисира обврските од Договорот за заем.

Член 2

Условите и начинот на користење на заемот од член 1 од овој закон се утврдуваат со Договор за заем, кој ќе се склучи меѓу Меѓународната банка за обнова и развој-Светската банка и ЈП за државни патишта за финансирање на Проектот за надградба и развој на патишта.

Член 3

Сите обврски кои произлегуваат од Договорот за заем од член 1 на овој закон, како и сервисирањето на заемот ќе го врши ЈП за државни патишта од приходите кои ги остварува, во рокови и услови утврдени во Договорот за заем.

Член 4

Рокот за отплата на заемот од член 1 од овој закон е 28 години, со вклучен грејс период од 8 години.

Каматната стапка е шестмесечен ЕУРИБОР плус варијабилен распон.

На денот на повлекувањето на средствата од заемот, ЈП за државни патишта ќе и плати на Меѓународната банка за обнова и развој - Светската банка еднократна провизија во износ од 0,25 % од износот на заемот.

ЈП за државни патишта ќе и плати на Меѓународната банка за обнова и развој - Светската банка такса за обврзување - трошок во износ од 0.25% годишно, на неповлечениот износ на заемот (Commitment charge). Таксата за обврзување ќе се плаќа полугодишно на секој датум на исплата.

Заемот ќе се отплаќа семестрално, на секој 15-ти мај и 15-ти ноември во годината.

Член 5

За регулирање на меѓусебните права и обврски кои произлегуваат од Договорот за заем и Договорот за гаранција Министерството за финансии и ЈП за државни патишта ќе склучат посебен договор.

Член 6

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.